Здружение за акција против насилство и
трговија со луѓе
Отворена Порта / Ла Страда Македонија
www.lastrada.org.mk / lastrada@lastrada.org.mk
02 2 700 107
SOS: 0800 11 111

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

# ОГЛАС ЗА ПРАКТИКАНСКА/ВОЛОНТЕРСКА РАБОТА

Отворена Порта – Ла Страда е водечка, самоодржлива организација во Северна Македонија, препознатлива на национално и меѓународно ниво по својата посветеност, истрајност и професионалност. Нашиот фокус е на потребите и интересите на тргуваните лица и ранливите групи. Стратешките приоритети на организацијата вклучуваат превенција, поддршка на жртвите, застапување и соработка со институциите за спроведување на законите и владините агенции. Нашата визија е создавање општество ослободено од нееднаквост, сиромаштија, дискриминација, родово базирано насилство, трговија со луѓе и експлоатација, во кое се почитуваат човековите права и постојат еднакви можности за социо-економска независност на сите граѓани.

Веруваме дека општеството без волонтери е статично и заостанува зад другите. Ентузијазмот и посветеноста на поединците се движечки сили на промените кон подобро.

Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена Порта објавува **оглас за ангажирање на млади во практиканска/волонтерска работа** која ќе се изведува во времетраење од **32 часа месечно и ќе трае 3 месеци**.

**Локација на позицијата**: Централна канцеларија на Отворена порта/ Прифатилиште/ теренска работа.

**Профил на волонтер-ки /практикант-ки:**

**предност ќе имаат студенти-ки од четврта година на факултет или дипломирани**

- Социјални работници
- Психолози
- Правници
- или други хуманистички области

**Надоместок:** Сите волонтер-ки/практикант-ки ќе добијат месечен надоместок во висина од 100 евра (во денарска противвредност).

**Главни задачи:**

1. Обезбедување директна поддршка на лица погодени од трговија со луѓе и други ранливи групи.

2. Спроведување истражувања и застапување: учество во истражувања за трендовите и политиките поврзани со трговијата со луѓе, како и застапување за законски промени на локално, национално и меѓународно ниво.
3. Подигнување на јавната свест: учество во кампањи и едукативни иницијативи за информирање на заедниците за проблемот со трговијата со луѓе.
4. Координација на настани и активности.
5. Административна поддршка на организацијата.
6. Образование и обука: вклучување во активности за врсничка едукација.

**Што нудиме:**

- Личен и професионален развој преку обука и практично искуство.
- Можност за вмрежување со истомисленици и експерти во областа.
- Шанса да придонесете за побезбедно и по инклузивно општество.
- Препораки врз основа на перформансите.
- Прилика за значајно влијание во борбата против трговијата со луѓе.

**Потребни лични карактеристики и вештини:**

- Одлични комуникациски вештини.
- Емпатија и способност за работа со ранливи групи.
- Тимска работа и флексибилност.
- Лојалност кон мисијата и целите на организацијата.
- Познавање на MS Office и работа на компјутер.
- Познавање на англиски и други јазици ќе се смета за предност.

**Начин на аплицирање:** Заинтересираните кандидати треба да испратат мотивациско писмо и кратка биографија најдоцна до **04.ноември. 2024**, на адреса: kontakt@lastrada.org.mk, со назнака: **Оглас за практиканска/волонтерска работа**

Станете дел од нашата мисија и придонесете за подобро општество!